Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 5 од Законот за даноците на имот(„Службен весник на РМ“ бр.61/04, 92/07,102/08,35/11,84/12,188/13,154/15,192/15 и 23/16) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце(„Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.9/05,4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 48-мата седницата одржана на ден 24.12.2024 година донесе:

О Д Л У К А

за утврдување пазарна вредност на недвижен имот во Општина Ранковце

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот на пресметување на пазарна вредност на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделдско земјиште на територија на Општина Ранковце.

Член 2

При утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште се земаат во предвид просечните цени на извршените купопродажби во претходната година. Исто така при утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјите се зема во предвид видот на катастарската култура и класа, стрмнина, длабочина, ерозија, можност за иритација, пристапност до парцелата со земјделска механизација, апсорбција на вода и слично.

Земјоделско земјиште погодно за плацеви и викендици се смета она земјиште кое е во промет помало од 1000м^2.

Член 3

Пазарната вредност на земјоделско земјиште опфатено со општ акт за село ќе се пресметува по вредност за м^2 како градежно неизградено земјиште;

Член 4

При утврдување на пазарната вредност на градежното изградено и неизградено земјиште се зема во предвид местоположбата на земјиштето, планираното односно утврдено право на градба и степенот на уреденост.

Член 5

Пазарната вредност на градежните објекти во населените места во општина Ранковце се пресметува согласно член 20 од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот.

Член 6

Табеларниот преглед за утврдување на пазарна вредност на земјиште во Општина Ранковце е составен дел на оваа Одлука.

Член 7

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот и прегледот кој е составен дел на Одлуката бр.09-1273/9 од 27.12.2023 година.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ранковце“

Бр.09- 1409/9
24.12.2024 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател.
Александра Стамболиска-Јовановска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ ЗА ЗЕМЈИШТЕ ВО ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Ред. Бр.	Катастарска општина	Вредност по $м^2$ за кат.култура ниви, ливади и пасишта	Вредност по $м^2$ за катаст. култура градина, лозје,овоштарник, шуми	Вредност по $м^2$ за двор, ГИЗ, ГНЗ и ЗПЗ
1.	Ветуница	од 10 до 80 денари	од 30 до120 денари	од 150 до 250 денари
2.	Вржогрнци	од 10 до 30 денари	од 30 до 100 денари	од 120 до 200 денари
3.	Герман	од 10 до 180 денари	од 50 до 180 денари	од 120 до 330 денари
4.	Гиновци	од 30 до 150 денари	од 120 до 200 денари	од 250 до 350 денари
5.	Гулинци	од 3 до 10 денари	од 15 до 70 денари	од 80 до 100 денари
6.	Крива Камен	од 3 до 10 денари	од 15 до 100 денари	од 100 до 120 денари
7.	Љубинци	од 30 до 150 денари	од 120 до 200 денари	од 250 до 330 денари
8.	Милутинци	од 10 до 60 денари	од 30 до 100 денари	од 100 до 180 денари
9.	Одрено	од 10 до 130 денари	од 100 до 150 денари	од 150 до 300 денари
10.	Опила	од 15 до 150 денари	од 100 до 200 денари	од 200 до 350 денари
11.	Отошница	од 10 до 120 денари	од 60 до 150 денари	од 150 до 250 денари
12.	Петралица	од 15 до 150 денари	од 60 до 180 денари	од 200 до 350 денари
13.	П'клиште	од 20 до 150 денари	од 60 до 180 денари	од 200 до 450 денари
14.	Псача	од 20 до 150 денари	од 50 до 180 денари	од 200 до 350 денари
15.	Радибуш	од 10 до 100 денари	од 50 до 150 денари	од 150 до 250денари
16.	Ранковце	од 30 до 150 денари	од 150 до 220 денари	од 250 до 500 денари
17.	Станча	од 10 до 30 денари	од 50 до 120 денари	од 100 до 200 денари

ГИЗ-Градежно изградено земјиште; ГНЗ-Градежно неизградено земјиште; ЗПЗ-Земјиште под зграда;